Почтувани присутни,

Огромно е задоволството што вечерва се случува еден ваков настан, кој, лично сметам трбаше да се случи многу одамна. Ние требаше да бидеме тие кои ќе ја промовираат нашата сограѓанка, врвната актерка и доајенот на македонското глумиште, Милица Стојанова, а не таа да не промовира нас и нашиот град. Со своето дело, со своите импозантни актерски достигнувања, но и со тоа што секогаш го истакнувала своето потекло и со љубов говори за родната Крива Паланка, ние и го должиме тоа.

Малку е, ако едноставно кажам, дека сме горди што сме сограѓани, пријатели, познаници, што го имаме истото потекло со актерската легенда или како што ние ја нарекуваме, со нашата Милица. Во неа живее Крива Паланка, а таа е еден од нашите најголеми културни амбасадори во земјава и на Балканот. По нејзиното име многумина не препознаваат и не поистоветуваат. Нејзината актерска, но и животна приказна, и денес се памети и се раскажува низ кривопаланечките сокаци, меѓу нејзините современици, но и меѓу новите генерации.

Госпоѓа Милица Стојанова е наш сограѓанин, но воедно и хроничар на едно време, на случувањата и животот во некогашната мала и скромна Крива Паланка. Во нејзините монографски записи е запишана и историјата на нашиот град, традициите, збиднувањата. Но запишан е и еден невиден успех и пробив во животот и кариерата, темелен на невидената волја и енергија кои ги поседува, а што треба да ни биде пример на сите. Таа секогаш ќе има посебно место во кривопаланечката историја и култура и е почесен граѓанин на општината.

Госпоѓа Стојанова, Ви благодарам што сте дел од нашиот меѓународен театарски фестивал„Свети Јоаким Осоговски“, кој го величате и збогатувате со своето присуство. Вие имате освоено се што може да се освои на една сцена, но Ви посакувам уште многу успеси и животни радости.

Да сте ни жива и здрава!